М 93 ЦРНА
СТРЕЛА




Пушката М 93 е наменета за гаѓање на цели на отворен простор и неоклопни возила на далечина до 1500 метри и цели во лесно оклопни возила и цели зад заклони на далечина до 800 метри.Покрај уништување на жива сила Црната Стрела може да се користи и за дејство против
цели како што се неоклопни и лесно оклопни возила,приземјени авиони и хеликоптери,
радари и друга електронска опрема,центри за врска и командни места.
Ефикасна е и за борба против непријателски снајперисти.Црната Стрела е репетирка,со концепција заснована на Маузеровиот систем.
Пушката се произведува во два калибри.Српската војска ја користи варијантата на
калибар12,7 х108мм,додека за извоз наменета е верзијата 12,7х 99 мм.
Тешката цевка е изработена од хром-никел-вандиум челик кој се користи за изработка на топовските цевки.Оружјето се полни со рамка со капацитет од пет куршуми.Енергијата на трзај е ублажена со поставување на двокоморна гасна кочница
на устата на цевката и со поставување на два амортизери во кундакот.
Пушката е опремена со оптички нишан Зрак М 94 8х 56,а механички нишани не постојат.
На оружјето е вграден и двоножец

Тактичко-технички Карактеристики:
Калибар 12,7 х108мм- 12,7 х99мм
Тежина на пушката 16 кг -14,5кг
Должина на пушката 1670 мм -,1540 мм
Должина на цевката 1007 мм -840мм
Капацитет на рамката 5 куршуми-,5 куршуми
Почетна брзина на зрното 820 м/с- 888 м/сЕфикасен домет 1600 м -1600 м
Оптички нишан 8х 56 - 8 х56